СЕКТОР ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ

Арх.бр.12-2953/ 5

Дата. 22 -08- 2025

**Предмет:** Одговор на претставка со арх.бр 12-2953/1 од 14.07.2025 година чиј подносител се група грѓани на општина Битола во врска со депонирање на отпад (електричен и електронски отпад, отпадни батерии и акумулатори) на ул.„Македонска Фаланга“, местото познато како поранешен Транскоп.

До Министерството за животна средина и просторно планирање е доставена претставка /Пријава со арх.бр.12-2953/1 од 14.07.2025 година од страна на група грѓани на општина Битола во врска со депонирање на отпад (електричен и електронски отпад, отпадни батерии и акумулатори ) на ул.„Македонска фаланга“, местото познато како поранешен Транскоп.

Секторот за правни и општи работи -Одделение за постапување по претставки и предлози достави Барање на информација со арх.бр.12-2953/2 од 18.07.2025 година до општина Битола-Сектор општински инспекторат да се произнесе со бараната информација за исходот од постапување по службена должност согласно член 5 од Законот за постапување по претставки и предлози („Службен весник на Република Македонија„ бр. 82/08, 13/13, 156/15 и 193/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.208/24).

Имено, општина Битоа-Сектор општински инспекторат се произнесе со следното Известување со арх.бр.52-584 од 18.08.2025 година:

- од страна на Сектор-општински инспекторат била поведена инспекциска постапка и со Записник ИП1 52-584 од 15.08.2025 година констатирано е дека на ул.„Македонска Фаланга“ бб, правниот субјект „Келешовски“ ДООЕЛ (поранешен „Транскоп“) врши дејност механичарски и лимарски работи во деловен објект од 245 м2, на отворен простор заграден со метална жица и има одобрено Елаборат за животната средина со Решение од градоначалникот на општина Битола УП1 16-243 од 20.09.2025 година, а на локацијата има отпад согласно Елаборатот за механичарски и лимарски работи, но нема електричен и електронски отпад;
- во инспекциската постапка која била поведена по основ на истата предметна претставка доставена од групата граѓани до општинскиот инспекторат на 04.10.2024 година со Записник ИП1 52-656 од 15.10.2024 година констатирано е дека на ул.„Македонска Фаланга“ бб (поранешен „Транскоп“) „Келешовски“ ДООЕЛ врши дејност складирање и третман на отпад за што не поседува дозвола од надлежен орган;


Министерство за животна срединаи просторно планирањенаРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

- со Решение ИП1 52-656 од 21.10.2024 година на „Келешовски"ДООЕЛ му е забрането да врши дејност, складирање и третман на отпад без дозвола, како и во рок од 90 дена да преземе мерки за надминување на утврдената неправилност и
- со контролен записник ИП1 52-656 од 24.02.2025 година констатирано е дека постапено е по задолжувањето, односно отпадот е отстранет.

**По овластување на министер**

**Раководител на Сектор за правни и општи работи**
Билјана Тешева Ѓоргиевска

Република Северна Македонија Министерство за животна средина и просторно планирање Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Shkup

**Изработил:** Советник,
Анета Михајловска


Министерство за животна срединаи просторно планирањенаРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk